**20141173661**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12 и 41/14), министерот за внатрешни работи, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/07 и 110/11), во член 3 во ставот 2 зборовите „на начин на кој граѓанинот може да изврши увид во истата“ се бришат.

Член 2

Во член 5 во ставот 2 зборовите „со легитимирање на лицето“ се бришат, а по зборовите „службена белешка“ се додаваат зборовите „за проверка на идентитет на лице “.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Службената белешка од ставот 2 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник кој ја извршил проверката (име, презиме и назив на организациска единица); датум, време, место и адреса каде е извршена проверка на идентитет на лице; причини за проверка на идентитетот; начин на кој е извршена проверката; број на јавната исправа и орган кој ја издал јавната исправа врз основа на која е извршена проверката; податоци за лицето на кое му е извршена проверка на идентитетот (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот - ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање, место и држава на раѓање, место и адреса на живеалиште, односно престојувалиште), дали лицето се бара/не се бара согласно евиденциите за лица и предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во Република Македонија; дали по проверката на идентитетот лицето било приведено, лишено од слобода или предадено на надлежен суд или во полициска станица за натамошна постапка; превозното средство доколку е користено од лицето на кое му е извршена проверка на идентитет (вид, марка и број на регистарски таблици) и место за потпис на полицискиот службеник кој ја извршил проверката на идентитетот (Образец бр. 1).“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 3

Во член 6 став 4 во алинеите 1 и 2 зборовите „ставови 2, 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „ставови 2, 4 и 5“.

Член 4

Во член 7 став 1 во алинејата 1 зборот „траги“ се заменува со зборот „отпечатоци“, а по сврзникот „ со“ се додаваат зборовите „отпечатоците на“.

Во алинејата 2 по зборот „споредба“ се додаваат зборовите „на фотографијата“.

Во алинејата 6 зборовите „графолошко вештачење“ се заменуваат со зборовите „вештачење на потпис и ракопис“.

Член 5

Во член 10 ставот 2 се менува и гласи:

„Записникот од став 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; датум кога е извршено препознавање на лицето или предметот; име и презиме на полицискиот службеник и назив на организациската единица на Полицијата во чии простории е извршено препознавањето; причини поради кои тоа се врши; лицето кое го вршело препознавањето (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште и во кое својство го вршело препознавањето); име и презиме на јавниот обвинител и на бранителот во чие присуство се врши препознавањето; часот кога е започнато и начинот на кој е извршено препознавањето; опис на лицето или предметот; лицата и предметите кои биле покажани заради препознавање; изјава на лицето кое вршело препознавање; часот на завршување на препознавањето; место за потпис на јавниот обвинител, на бранителот, на лицето кое го вршело препознавањето и на полицискиот службеник (Образец бр. 2).“

Член 6

Членот 11 се менува и гласи:

„Полициските службеници собираат информации од граѓани, државни органи или правни лица во случаи утврдени со закон.

Полициските службеници покрај информациите добиени преку непосредни разговори со граѓани, собираат информации и со непосредно забележување, користење на отворени извори на информации (средства за јавно информирање, социјални мрежи, интернет), преку добиени писмени известувања, известувања по телефон или преку средства за електронски комуникации; со привремено или постојано набљудување на определени лица, простор и објекти каде што може да се очекува вршење на казниви дела или места каде што има предмети кои можат да се користат за извршување на казниви дела, односно предмети кои потекнуваат од извршено казниво дело.

При собирање на информациите од ставовите 1 и 2 на овој член полициските службеници ги штитат угледот и честа на субјектите кои ги даваат информациите, како и на субјектите на кои тие се однесуваат.

Полицискиот службеник за добиените информаци, освен за информациите добиени со непосредно забележување изготвува оперативна информација, која се доставува до надлежна организациска единица за криминалистичко-разузнавачка анализа во која се врши обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоците согласно член 64-а од овој правилник.

За инфомациите добиени преку непосредни разговори со граѓани кои не се оперативни, полицискиот службеник изготвува службена белешка.

Службената белешка од ставот 5 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; граѓанинот кој ја дава информацијата (име и презиме; датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште односно престојувалиште и занимање); место каде е дадена информацијата; полицискиот службеник кој ја примил информацијата (име и презиме и назив на организациска единица на полицискиот службеник); содржина на информацијата и место за потпис на граѓанинот и на полицискиот службеник (Образец бр 3).

За податоците добиени со непосредно забележување полицискиот службеник изготвува извештај.

Оперативната информација и извештајот од ставовите 4 и 7 на овој член, полицискиот службеник ги изготвува согласно стандардните оперативни процедури на Министерството за начинот на собирање и постапување со информации. "

Член 7

Во член 12 во ставот 3 зборот „родителите" се заменува со зборот „родители", а точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „согласно закон."

Во ставот 4 по зборовите „организационата единица", сврзникот „во" се заменува со сврзникот „од", а точката се брише и се додаваат зборовите „(Образец бр.4)."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„За извршениот разговор со повиканото лице полицискиот службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник кој го водел разговорот (име и презиме); назив на организациската единица на полицискиот службеник и на организациската единица во која е извршен разговорот; повиканото лице со кое е извршен разговор (име и презиме; датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште); содржина на известувањето кое го дало повиканото лице; датум и време на започнување и завршување на разговорот и место за потпис на повиканото лице и на полицискиот службеник (Образец бр.5)."

Член 8

По членот 13 се додава нов член 13-а, кој гласи:

„Член 13-а

Заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициски работи, лицето кое се јавило на поканата или било присилно доведено, а одбило да даде известување од важни причини, за истото кривично дело ќе биде повикано само уште еднаш, на начин пропишан во членовите 12 и 13 од овој правилник."

Член 9

По членот 14 се додава нова точка „3-а. Лишување од слобода" и нов член 14-а, кои гласат:

„ 3-а. Лишување од слобода

Член 14-а

По извршена проверка на идентитет на лице и извршен претрес заради пронаоѓање на предмети погодни за напад или самоповредување, предмети кои потекнуваат од кривично дело, траги на кривично дело или предмети кои можат да послужат како доказ во натамошната постапка, од страна на полициски службеник може без писмена наредба да се лиши од слобода лице во случај кога е затекнато во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност ако постои опасност од бегство, кога постојат основи на сомневање дека лицето сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање или ако постои некоја од причините за притвор утврдени со закон, како и ако за лицето е распишан распис согласно закон.

При лишувањето од слобода без писмена наредба од ставот 1 на овој член, од страна на полицискиот службеник веднаш или кога ќе се создадат услови за тоа се известува лицето за неговите права утврдени со закон.

За постапувањето од став 1 на овој член полицискиот службеник изготвува службена белешка која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; датум, време, место и адреса на лишување од

слобода; полицискиот службеник (име и презиме и назив на организациска единица); за лицето лишено од слобода (име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причините за лишување од слобода; постоење/непостоење на околности кои го отежнале лишувањето од слобода (доколку имало, во забелешка се опишува фактичката состојба); дали лицето лишено од слобода е известено и поучено за неговите права; дали при лишувањето од слобода е извршен претрес на лицето; дали при претресот се пронајдени и одземени предмети од лицето; време на лишување од слобода и име и презиме и организациска единица на полицискиот службеник на кого е предадено лицето ; име и презиме на јавниот обвинител и на судијата на претходна постапка, како и датум и час на нивно известување и место за потпис на полицискиот службеник кој го предал и на полицискиот службеник кој го примил лицето лишено од слобода (Образец бр. 6).

Во случај на предавање на лицето лишено од слобода се пополнува писмена потврда, која содржи податоци за: полицискиот службеник кој го извршил предавањето на лицето (име, презиме и организациска единица); лицето кое се предава (име и презиме, датум и место на раѓање, адреса и место на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта или патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал); место, час и датум кога е предадено лицето; психофизичката состојба во која се наоѓа лицето во моментот на предавањето; предмети кои се предаваат со лицето и потпис лицето кое го примило предаденото лице и на полицискиот службеник кој го предал лицето (Образец бр. 7). “

Член 10

Во член 15 ставот 1 се менува и гласи:

„Приведување претставува службено дејствие кое го преземаат полициските службеници врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд (во натамошниот текст: писмена наредба) или без писмена наредба, заради спроведување на лицето во просториите на Полицијата, друг надлежен државен орган или до местото одредено во наредбата.“

Во ставот 2 воведната реченица се менува и гласи:

„Приведувањето со писмена наредба издадена од надлежен суд се врши врз основа на:“

Во ставот 3 зборот „утврдување“ се заменува со зборот „проверка“.

Член 11

Членот 20 се менува и гласи:

„ Кога лицето затекнато во извршување на прекршок и приведено без писмена наредба се предава на надлежен суд, полицискиот службеник ќе ја побара од судот писмената потврда од членот 14-а став 4 од овој правилник.“

Член 12

Во член 21 во ставот 1 по зборовите „полицискиот службеник“ се додаваат зборовите „во соработка со непосредниот раководител“.

Во ставот 2 по зборовите „и за тоа веднаш“ се додаваат зборовите „ во соработка со непосредниот раководител “.

Член 13

Членот 24 се менува и гласи:

„За секое извршено приведување врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд, полицискиот службеник изготвува службена белешка за приведување со писмена наредба издадена од надлежен суд, која содржи податоци за: назив на организациската

единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; бројот и датумот на издавање на писмената наредба од надлежен суд; полицискиот службеник кој го извршил приведувањето (име, презиме и организациска единица); датум, час и адреса на извршено приведување на лицето; приведеното лице (име, презиме, датум, држава и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта односно патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал); постоење/не постоење на околности кои го отежнале приведувањето (доколку имало, во забелешка се опишува фактичката состојба); дали приведеното лице е известено за неговите права; дали е извршен преглед на лицето и дали се пронајдени и одзмени предмети од лицето; датум и време кога приведеното лице е предадено, на кого и каде е предадено и место за потпис на полицискиот службеник/полициските службеници (Образец бр. 8).

За секое извршено приведување без писмена наредба полицискиот службеник изготвува службена белешка, која ги содржи податоците од ставот 2 на овој член, освен податоците за бројот и датумот на издавање на писмената наредба, а содржи и податоци за причините за приведување на лицето без писмена наредба (Образец бр. 9).“

Член 14

Во член 25 во ставот 1 точката се брише и се додаваат зборовите „за прифат – сменоводител, кој со посебно пишано и образложено решение ќе одлучи дали лицето ќе се задржи во полициска станица поради причините утврдени со Закон за кривична постапка.“

По ставот 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„Решението за задржување на лице од ставот 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на решението; лицето кое се задржува (име и презиме; ден, месец, година и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; државјанство, адреса на живеалиште, односно престојувалиште; број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал); ден, месец, година и час на лишување од слобода; причини поради кои лицето се задржува; ден, месец, година и час кога лицето е предадено пред полицискиот службеник за прифат – сменоводител; образложение; место за печат и потпис на полицискиот службеник за прифат – сменоводител (Образец бр. 10).

Во случај на задржување на лице до 24 часа од моментот на лишување од слобода во случаи утврдени со закон, од страна на полицискиот службеникот за прифат – сменоводител се известува јавниот обвинител веднаш по приемот на лицето.“

Ставот 2 кој станува став 4 се менува и гласи:

„При доведување на лицето лишено од слобода во полициска станица, од страна на полицискиот службеник за прифат - сменоводител се наложува да се изврши претрес на лицето, а предметите и трагите кои можат да послужат како доказ или да ја загрозат безбедноста на лицето се одземаат со потврда за привремено одземени предмети.“

Ставот 3 станува став 5.

Во ставот 4 кој станува став 6, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „но не подолго од два часа од моментот на неговото повикување.“

Ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат ставови 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 15

Во член 26 ставот 1 се менува и гласи:

„За извршеното задржување се составува записник кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; задржаното лице (име и презиме, датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта или

патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и органот кој ја издал); назив на Полициската станица во која лицето е задржано; датум и време на задржување; име и презиме на полицискиот службеник кој одлучил за задржувањето; причини за задржувањето; име и презиме на јавниот обвинител кој бил известен за задржувањето, датум и час кога е тој известен; датум и час на приведување, односно лишување од слобода на лицето; податоци за полицискиот службеник кој го лишил од слобода лицето (име, презиме и назив на организациската единица); место за потпис на задржаното лице по однос на часот и датумот на лишување од слобода; датум и час кога е лицето поучено за неговите права согласно член 69 од Законот за кривичната постапка и член 34 од Законот за полиција и за начинот на остварување на овие права (датум и час кога лицето барало бранител, односно не барало бранител или дополнително побарало право на бранител, датум и час кога бранителот е контактиран и кога истиот дошол); место за потпис на бранителот и на задржаното лице (по однос на тоа дека е поучен за правата); знаци на видливи повреди или знаци на болест, ментално растројство, алкохолизирана состојба, дејство на наркотични средства и опис на знаците; датум и час кога е контактиран лекар, семејството на задржаното лице, дипломатско конзуларно претставништво или други лица; име и презиме на полициските службеници кои разговарале со лицето; назив на организациската единица во која е разговарано и времето кога е разговарано; дали лицето било префрлено во друга полициска станица и датум и час кога тоа е сторено; датум и час кога лицето е изнесено пред надлежен суд и кога престанало задржувањето; место за потпис на лицето; место за забелешка; место за потпис на лицето и на полицискиот службеник на чија смена завршило задржувањето и печат на организациската едница во која било задржано лицето (Образец бр. 11).“

Во ставот 2 по зборовите „задржаното лице“ запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 16

Во член 27 во ставот 1 зборовите „член 143 став 1“ се заменуваат со зборовите „член 281“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите „истражниот судија во надлежниот суд“ се заменуваат со зборовите „јавниот обвинител“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„За извршеното упатување полицискиот службеник изготвува службена белешка која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник (име, презиме и назив на организациската единица); датум и место на извршеното упатување; име и презиме на јавниот обвинител и назив на основното јавно обвинителство каде што се упатува лицето; лицето кое се упатува (име и презиме, број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал, единствен матичен број на граѓанинот, датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); час и датум на упатување на лицето; часот кога лицето треба да се јави на јавниот обвинител; начинот и времето на известување на јавниот обвинител, дали лицето се јавило или не и место за потпис на полицискиот службеник. (Образец бр. 12).“

Член 17

Во член 28 во ставот 1 по зборовите „пронаоѓање и фаќање на лице“ се додаваат зборовите „за кое е издадена наредба за приведување согласно закон, односно е распишана потерница или распис за лице“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Службената белешка од ставот 4 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник (име и презиме и назив на организациска единица); име и презиме на лицето по кое се трага; назив и идентификациони обележја на предметот/ите по кој/и се трага; опис на преземените дејствија; упатување дека службената белешка заедно со пријавата и записникот се приложуваат во досието за потраги и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр. 13).“

Ставот 5 станува став 6.

Член 18

Во насловот на точката 7, запирката и зборот „насочување“ се бришат.

Член 19

Во член 31 во ставот 1 зборот „природни“ се заменува со зборот „елементарни“, запирката по зборот „пренасочување“ и зборот „насочување“ се бришат, а зборовите „времето неопходно потребно за остварување на целта заради која дошло до примена на овие дејствија“ се заменуваат со зборовите „шест часа“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок, во случај на загрозена безбедност предизвикана од елементарни непогоди и други несреќи, пренасочувањето или ограничувањето на движењето од ставот 1 на овој член може да биде подолго од шест часа, но не подолго од времето неопходно потребно за остварување на целта за која е применето.“

Во ставот 2 кој станува став 3 по зборовите „превозни средства,“ се додаваат зборовите „проверка на идентитет на лицата, нивно отстранување на безбедно растојание (евакуација),“.

Член 20

Во член 43 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Писменото предупредување од ставот 3 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на писменото предупредување; лицето кое се предупредува (име, татково име и презиме, датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, националност, занимање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал); ден, час, адреса, односно назив на организациска единица каде е упатено писменото предупредување, полицискиот службеник кој го упатил писменото предупредување (име, презиме и назив на организациска единица); опис на даденото предупредување, место за печат и потпис на полицискиот службеник кој го упатил предупредувањето и на предупреденото лице (Образец бр. 14).“

Член 21

Во член 44 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Службената белешка од ставот 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; лицето кое е усно предупредено (име, татково име и презиме, датум на раѓање, држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, националност, занимање, адреса на живеалиште/престојувалиште, број на лична карта, односно патна исправа и назив на органот кој ја издал); име и презиме и организациска единица на полицискиот службеник кој го дал усното предупредување; причините поради кои е дадено усното предупредување; часот и местото кога е лицето предупредено и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр. 15). “

Член 22

Во член 49 во ставот 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; полицискиот службеник кој го извршил увидот (име и презиме и назив на организациска единица); датум, место и час кога е извршен увидот; назив на државниот орган, институција што врши јавно овластување и друго правно лице во чија документација е извршен увид; опис на констатираната состојба и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр. 16).“

Член 23

По членот 49 се додава нов наслов „10-а. Влегување во туѓ дом и други затворени простории“ и нов член 49-а, кои гласат:

„10-а. Влегување во туѓ дом и други
затворени простории

Член 49-а

Во случај кога е потребно отстранување на сериозна опасност по животот и здравјето на луѓето или на сериозна опасност на имотот на граѓаните од поголеми размери, како и кога некој од домот повикува на помош, полицискиот службеник може да влезе во туѓ дом и други затворени простории без писмена наредба и да врши преглед на домот и просторот поврзан со домот.

За преземените дејствија од ставот 1 на овој член полицискиот службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; датум и час кога е влезено во дом, односно други затворени простори; полицискиот службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); држателот на домот/другите затворени простории, односно лицето кое престојува во домот/другите затворени простории (име, презиме, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причини за презмање на дејствието; датум и час на напуштање на домот и другите затворени простории; забелешка за презмените мерки и дејствија од страна на полицискиот службеник (на пример: оштетувања при влез, затекнати лица и друго) или од држателот на домот, односно лицето кое престојува во домот и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр.17).

Кога држателот на домот/другите затворени простории или лицето кое престојува во домот/другите затворени простории бара или се согласува со влегувањето во домот или друга затворена просторија во случај кога таму се наоѓа лице кое по наредба на суд треба да се приведе или присилно да се доведе, поради лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност или на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид, полицискиот службеник за преземените дејствијата од ставот 1 на овој член на држателот на домот, односно на лицето кое престојува во домот му издава потврда.

Потврдата од ставот 3 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на потврдата; датум и час кога полицискиот службеник влегол во дом и други затворени простории; полицискиот службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); држателот на домот/другите затворени простории (име, презиме, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причините поради кои е преземено дејствието; датум и час на напуштање на домот, односно другите затворени простории; место за забелешка на полицискиот службеник (за презмените

мерки и дејствија од страна на полицискиот службеник, оштетувања при влез, затекнати лица и друго); место за забелешка на држателот на домот/другите затворени простории; место за печат и потпис на полицискиот службеник. (Образец бр.18).

Во случаите од ставот 3 на овој член полицискиот службеник пред да влезе во туѓ дом или други затворени простории на држателот на домот/другите затворени простории или лицето кое престојува во домот/другите затворени простории му ги соопштува причините поради кои влегува, освен во случаи кога тоа не може да го стори поради потреба од итно и ненадејно постапување.

Полицискиот службеник може да се задржи во туѓ дом или други затворени простории само додека траат причините поради кои влегол.“

Член 24

Во насловот на точката 11. сврзникот „или“ се заменува со зборот „односно“.

Член 25

Во член 50 ставот 1 се менува и гласи:

„Од страна на полицискиот службеник се врши сопирање, легитимирање, преглед, односно претрес на лице, превозно средство и багаж кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети за напад или само повредување или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат предмети кои потекнуваат од кривично дело или прекршок, траги на кривично дело или прекршок или предмети што можат да послужат во кривична или прекршочна постапка.“

Член 26

Во член 53 во ставот 1 зборовите „или претрес“ се заменуваат со зборовите „односно претрес“.

Во ставот 2 зборовите „или претресот“ се заменуваат со зборовите „односно претресот“.

Член 27

Во член 54 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„За секој извршен преглед на лице, превозно средство или багаж, полицискиот службеник изготвува записник кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; лицето кое е прегледано (име, татково име и презиме; датум, место и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; адреса на живеалиште, односно престојувалиште); превозното средство (вид, тип, марка и ознаките на регистарските таблици) и лицето кое го управувало превозното средство (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште односно престојувалиште); сопственикот на багажот (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште односно престојувалиште); фактичката состојба утврдена при вршењето на прегледот на лицето, превозното средство и багажот; полицискиот службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); време и причини поради кои е преземено дејствието и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр.19).

Во случај кога при вршење на прегледот од ставот 1 на овој член се утврди потреба од извршување на претрес на лице, возило или багаж, а постои опасност од одлагање, од страна на полицискиот службеник се поднесува и усно барање за издавање на наредба за претрес до судијата на претходна постапка по телефон, радиоврска или преку друго средство за електронска комуникација.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За извршениот претрес од ставот 2 на овој член полицискиот службеник изготвува записник кој ги содржи податоците од ставот 1 на овој член, освен податоците за времето и причините поради кои е преземено дејствието, а содржи и податоци за бројот на издадената судска наредба за претрес; местото каде е извршен претресот; име и презиме на известениот бранител и дали тој присуствувал или не присуствувал за време на претресот и место за потпис на претресеното лице, односно сопственикот и на бранителот (Образец бр. 20).“

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите „став 2“ се заменуваат со зборовите „став 3“, а зборовите „присутните сведоци“ се заменуваат со зборовите „присутниот бранител“.

Во ставот 4 кој станува став 5, зборовите „став 3“ се заменуваат со зборовите „став 4“.

Член 28

Во насловот на точката 12. сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „преглед“ се додаваат зборовите „и увид“.

Член 29

Во член 55 во алинејата 3 запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите „ и истражен судија“ се бришат.

Член 30

Во член 57 ставот 3 се менува и гласи:

„По извршеното обезбедување и преглед од членот 55 на овој правилник, полицискиот слубеник кој го обезбедувал местото на настанот изготвува службена белешка, која содржи: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; ден, месец, година и времетраење на обезбедувањето; име, презиме и организациска единица на полицискиот службеник; адреса, место и поблиска ознака на местото на настанот; причини поради кои што е излезено на местото на настанот; ден, месец, година и час на примено известување од дежурната служба за настанот и час на пристигнување на полициските службеници на местото на настанот; опис на местото на настанот; затекнати лица на местото на настанот (име, презиме, место, улица и број на живеалиште, односно престојувалиште); состав на увидната група, ден, месец, година и час на излегување на увидната група на местото на настанот; име и презиме, ден, месец, година и час на излегување на јавниот обвинител на местото на настанот; опис на мерките и активностите кои се преземени од полициските службеници за обезбедување и преглед на местото на настанот или за настанатите промени на местото на настанот и место за потпис на полициските службеници (Образец бр. 21)“.

Член 31

Насловот на точката 13 и членот 58 се менуваат и гласат:

„13. Примање на пријави и поплаки,
поднесување на пријави и известувања

Член 58

Полицискиот службеник прима во усна или писмена форма пријави за кривични дела, пријави за прекршоци, поплаки и пријави за други настани.

Усно изјавените пријави и поплаки од ставот 1 на овој член полицискиот службеник може да ги прими во просториите на организационите единици на Полицијата (во натамошниот текст: службени простории) или надвор од нив.

Полицискиот службеник веднаш по приемот на пријавите за кривични дела и пријавите за прекршоци составува записник за примање на пријава (Образец бр. 22), кој содржи:

- назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот;
- време и место на прием, назив на организационата единица на Полицијата во која е примена пријавата и име и презиме на полицискиот службеник кој ја примил;
- лични податоци за подносителот на пријавата (име, татково име и презиме; датум, место и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; државјанство; занимање; вработување и адреса на живеалиште, односно престојувалиште);
- лицето против кое се поднесува пријавата (име и презиме) и законска квалификација на кривичното дело, односно прекршокот;
- констатација дека подносителот на пријавата е предупреден за последиците од лажно пријавување;
- опис на настанот;
- исказ на лицето кое ја поднело пријавата, за неговото основано сомневање дека лицето против кого е поднесена пријавата е сторител на казниво дело или дека истото е соучесник во негово извршување; за фактите на кои го заснова основаното сомневање; личниот опис, личните и други податоци за лицето, како и податоци за местото каде лицето може да се пронајде;
- податоци за доказите со кои се потврдува веродостојноста на изјавата на подносителот на пријавата, односно ако станува збор за материјални докази се наведуваат предметите, трагите или другите материјални докази, а ако тоа се искази на сведоци се наведуваат нивните лични податоци;
- констатација дали подносителот на пријавата е оштетен или не;
- попис и опис на украдените или оштетените предмети, поединечно и детално, како и приближна висина на сторената штета и на противправно стекнатата имотна корист од страна на сторителот;
- изјава со која подносителот на пријавата кој е оштетен со стореното казниво дело се поучува за неговото право за поведување на постапка за остварување на имотно - правното барање;
- рубрика „ЗАБЕЛЕШКА“ за внесување на забелешки од подносителот на пријавата откако записникот ќе му биде прочитан и место за потпис на подносителот на пријавата за констатирање дека записникот е прочитан пред да биде потпишан и
- место за потпис на подносителот на пријавата и на полицискиот службеник.

Полицискиот службеник веднаш по приемот на поплаките и пријавите за други настани составува записникот за примање на поплака или пријава за друг настан (Образец бр. 23), кој содржи:

- назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот;
- датум и време на прием, назив на организациска единица на Полицијата во која е примена поплаката или пријавата за друг настан и име и презиме на полицискиот службеник кој ги примил;
- лични податоци за подносителот на поплаката или пријавата за друг настан (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта или патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал);
- содржина на поплаката или опис на настанот кој го пријавува и
- место за потпис на подносителот на поплаката, односно пријавата и на полицискиот службеник .

Кога пријавата за сторено казниво дело е примена надвор од службените простории, како и кога е поднесена преку телефон или други средства за комуникација, полицискиот службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; лицето кое ја поднело пријавата (име и презиме, датум, место и држава на раѓање, живеалиште,

односно престојувалиште), полицискиот службеник кој ја примил (име, презиме и назив на организациска единица); содржината на пријавата и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр. 24).“

Член 32

Во член 59 во ставот 1 зборовите „ за малолетничка деликвенција“ се заменуваат со зборовите „ кој е посебно оспособен за работа и сузбивање на малолетничка деликвенција“.

Член 33

Во членот 60 по зборот „пријавата,“ се додаваат зборовите „по поднесено писмено барање од страна“.

Член 34

Во член 64-а во ставот 3 зборовите „аналитички работи“ се заменуваат со зборовите „криминалистичко - разузнавачка анализа“.

Во ставот 4 зборовите „стратешки аналитички“ се заменуваат со зборот „разузнавачки“.

Ставовите 6, 7, 8 и 9 се бришат.

Ставот 10, кој станува став 6, се менува и гласи:

„За собраните податоци, односно информации, полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистичко -разузнавачка анализа изготвува оперативен извештај, кој содржи податоци за: назив на организациска единица, број, датум и место на издавање на оперативниот извештај; рубрика проценка на извор; рубрика проценка на информација; рубрика дозволено проследување на информацијата; рубрика област на криминал; рубрика предмет; рубрика лица наведени во оперативниот извештај; преземени активности/дејствија од страна на полициските службеници за менаџирање со сознанија и место за потпис на полицискиот службеник кој го изготвил (Образец бр.25).“

Ставовите 11, 12, 13 и 14, стануваат ставови 7, 8, 9 и 10.

Член 35

Членот 65 се менува и гласи:

„Применувањето на прикриеното полициско дејствување, посебните истражни мерки, заштитата на лицата опфатени согласно прописите за заштита на сведоци, начинот на препознавање, како и начинот на вршење на полиграфско тестирање и содржина на писмената согласнот за примена на полиграфската техника, полициските службеници ги извршуваат согласно прописите од таа област.“

Член 36

По членот 65 се додава нова точка 17 и нов член 65-а, кои гласат:

„17. Извештај за употреба на средства за присилба

Член 65-а

За секоја употреба на средства за присилба од страна на полицискиот службеник се изготвува извештај за употреба на средства за присилба кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на извештајот; полицискиот службеник кој употребил средство за присилба (име, презиме и назив на организациска единица); датум, час, место и адреса каде е употребено средството за присилба; лицето спрема кое е употребено (име, татково име и презиме, датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, вработување); видот на употребено средство за присилба; причини поради кои е употребено; начинот на употреба; видови

последиците кои настанале од употребата, односно констатација дека не настанале последици; присутните очевидци при употребата на средството за присилба (име, презиме и адреса на живеење) и место за потпис на полицискиот службеник кој ги употребил средството за присилба (Образец бр.26).“

Член 37

Во член 66 ставот 1 се менува и гласи:

„Позорната и патролната дејност претставуваат непосредно превентивно дејствување на полициските службеници, кое се врши во униформа.“

Член 38

Во член 67 во ставот 1 точката се брише и се додаваат зборовите „изработен од страна на полициската станица на чие подрачје се врши.“

Во ставот 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а по потреба и во местата од ставот 1 на овој член.“

Ставот 3 се менува и гласи:

„Позорната дејност се врши пешки или на велосипед, а патролната дејност и со моторно возило.“

Член 39

Членот 68 се менува и гласи:

„Подрачјето на кое се врши позорна, односно патролна дејност се дели на позорни, односно патролни терени. Два или повеќе позорни, односно патролни терени сочинуваат еден безбедносен реон.

Бројот и големината на безбедносните реони и терените во нив, се утврдува според бројот на населението, бројот и значењето на објектите, состојбите во областа на јавниот ред и мир, криминалитетот, безбедноста на сообраќајот на патиштата и други безбедносни елементи значајни за организацијата на полициските работи на подрачјето.

Безбедносните реони и терените се определуваат од страна на началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје се наоѓа полициската станица од општа надлежност, по писмен предлог на командирот на полициската станица.“

Член 40

Членот 69 се менува и гласи:

„Позорната, односно патролната дејност се врши во смени, по претходно изготвен месечен, односно неделен распоред за работа, а полицискиот службеник се известува за промените на распоредот најдоцна пред започнување на неговата смена. За секој безбедносен реон се определува потребен број полициски службеници.

Патролната дејност со велосипед или моторно возило се врши на два или повеќе позорни, односно патролни терени од еден или повеќе безбедносни реони, кога поради безбедносната состојба е потребна соодветна поддршка на полициските службеници присутни на овие терени или кога е потребно почесто превентивно присуство на полициски службеници на определено подрачје. “

Член 41

Членот 70 се брише.

Член 42

Во член 71 став 1 во воведната реченица по зборовите „во координирањето на“ се додаваат зборовите „превентивното и“.

Член 43

Членот 72 се брише.

Член 44

Членот 73 се менува и гласи:

„Позорната дејност се врши од страна на еден или двајца полициски службеници. Кога позорната дејност се врши од страна на двајца полициски службеници, едниот од нив е одговорен.

Патролната дејност ја вршат патроли составени од најмалку двајца полициски службеници, од кои едниот од нив е одговорен.

Позорната и патролната дејност се вршат по писмена наредба во која се содржани конкретни задачи, издадена од страна на командирот на полициската станица, односно полициското одделение на чие подрачје се врши оваа дејност или од него овластен полициски службеник. (Обрасци бр.27 и 28).“

Член 45

Во член 74 во ставот 1 зборовите „неговиот помошник и водичот на безбедносниот реон“ се заменуваат со зборовите „од него овластен полициски службеник“, а по зборот „патролен“ се додаваат зборовите „реон, односно“.

Во став 3 во алинејата 1 зборовите „полицискиот службеник ги внесува во бележникот за службени задачи“ се заменуваат со зборовите „се опфатени со писмената наредба“.

Член 46

Во член 75 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Полициските службеници кои вршат позорна, односно патролна дејност не го напуштаат безбедносниот реон, односно патролниот терен и постапуваат по писмената наредба до завршување на смената, освен во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи, нивна повреда или заболување, како и заради извршување на вонредни работни задачи како што се: “

Член 47

Во член 77 ставот 1 се менува и гласи:

„По извршување на позорната или патролната дејност од страна на полицискиот службеник се пополнува соодветниот извештај од писмената наредба за извршените задачи определени во неа и се изготвуваат поднесоци со соодветни прилози за преземените мерки и активности.“

Ставот 3 се брише.

Член 48

По членот 77, насловот на точката 2. и членот 78 се менуваат и гласат:

„2. Одржување на јавен ред и мир на јавни собири,
јавни приредби и спортски манифестации

Член 78

Заради непречено одржување на јавен собир, јавна приредба и спортска манифестација (во натамошниот текст: собир) и преземање на мерки за заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, одржување на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот на патиштата, Полицијата соработува со организаторот на собирот. “

Член 49

Членот 79 се менува и гласи:

„За одржување на јавниот ред и мир на собирот по пријава од организаторот или по дознавање, Полицијата организира вонредно обезбедување и постапува согласно членовите 205 и 206 од овој правилник.“

Член 50

Членот 80 се брише.

Член 51

Членот 81 се менува и гласи:

„Во случаите кога организаторот нема да ги преземе потребните мерки за безбедно одржување на собирот, од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир ќе се побара од организаторот на собирот дополнително да ги преземе овие мерки.

Ако на собирот дојде до нарушување на јавниот ред и мир, загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, ако на собирот се врши или поттикнува вршење на кривични дела или ако се загрозува животната средина, од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, ќе се побара од организаторот на собирот да го прекине неговото одржување и ќе се повикааат присутните граѓани мирно да го напуштат местото на одржување на собирот.

Во случај кога организаторот нема да постапи по барањето од став 2 на овој член, одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир ги презема сите потребни мерки за воспоставување на нарушениот јавниот ред и мир, спречување на вршење кривични дела или прекинување на собирот.“

Член 52

По членот 82 се додава нов член 82-а, кој гласи:

„Член 82-а

Во случај кога нарушениот јавен ред и мир при обезбедувањето на собирот од членот 78 од овој правилник, не може да се воспостави без ангажирање на организациските единици од Одделот за посебни единици (во натамошниот текст: посебните единици), од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, се издава наредба на одговорниот полициски службеник на посебните единици, да ги преземе потребните мерки за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир.

По добивањето на наредбата од ставот 1 на овој член, од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се определува начинот, односно тактиките и методите, како и средствата кои ќе се употребат за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир.

За преземање на потребните активности за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир во врска со потиснувањето и разделувањето на спротивставените групи кои го нарушиле јавниот ред и мир, како и во врска со правците, објектите и просторот на нивно потиснување и разделување, од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се известува одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, заради координирање на потребната соработка со полициските службеници од другите надлежни организациски единици.

По воспоставувањето на нарушениот јавен ред и мир од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се известува полицискиот службеник за одржување на јавниот ред и мир.

За преземените мерки односно методи, тактики и средства по завршувањето на активноста од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единиците се поднесува извештај до непосредниот раководител.“

Член 53

Членот 83 се менува и гласи:

„По поднесено писмено барање од страна на надлежен орган, заради спроведување на извршна одлука, доколку при спроведувањето на извршувањето се наиде или оправдано може да се очекува наидување на физички отпор, како и по барање за асистенција предвидена со посебен закон или по барање на државни органи, институции што вршат јавно овластување и правни лица, во врска со обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки, односно предмети од вредност, а по претходно склучен договор со подносителот на барањето, Полицијата укажува помош (асистенција).

Оправдано може да се очекува наидување на физички отпор во случаите кога при спроведување на извршната одлука е наидено на отпор или кога постојат сериозни закани за загрозување на личната сигурност на службеното лице кое го спроведува извршувањето.

Барањето од ставот 1 на овој член кое се поднесува заради укажување асистенција за спроведување на извршна одлука, содржи податоци за: причините поради кои се бара укажувањето на асистенција; извршните дејствија кои ќе бидат преземени од страна на надлежен државен орган, односно лицата кои со посебен закон се овластени да го спроведат извршувањето; начинот, датумот, времето и адресата на која истите ќе се преземаат. “

Член 54

Во член 84 во ставот 1 по зборот „асистенција“ се додаваат зборовите „за спроведување на извршна одлука“, а зборовите „началникот на Секторот за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите „раководителот на надлежната организациска единица“.

Во ставот 2 по зборот „асистенција“ се додаваат зборовите „од ставот 1 на овој член“, а зборовите „од член 83 став 1 на овој правилник“ се бришат.

Член 55

Во член 85 во ставот 1 по зборовите „извршената асистенција“ се додаваат зборовите „од член 84 став 1 од овој правилник“, по зборовите „податоци за:“ се додаваат зборовите „назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот,“, а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ (Образец бр. 29).“

Член 56

Во член 102 став 1 во воведната реченица по зборовите „полициските службеници“ се додаваат зборовите „без одлагање по писмен пат го известуваат јавниот обвинител и“.

Член 57

Во член 103 став 1 во алинејата 1 зборовите „за што се изготвува оперативен извештај“ се бришат.

Член 58

Во член 104 во ставот 1 зборовите „надлежниот истражен судија и“ се бришат.

Член 59

Во членот 105 зборот „ги“ се заменува со зборот „го“. а зборовите „надлежниот истражен судија и“ се бришат.

Член 60

Во членот 106 зборовите „истражниот судија и“ се бришат.

Член 61

Во членот 108 зборот „мириси“ се заменува со зборот „предмети“.

Член 62

Во член 109 во ставот 1 зборовите „истражниот судија и“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите „истражниот судија и“ се бришат, зборовите „кои се известени“ се заменуваат со зборовите „кој е известен“, а зборот „нивното“ се заменува со зборот „неговото“.

Член 63

Во член 110 во ставовите 1 и 2 зборовите „истражниот судија“ се заменуваат со зборовите „јавниот обвинител“.

Член 64

Во член 112 став 1 во воведната реченица по зборот „записник“ се додаваат зборовите „(Образец бр. 30)“.

Во алинејата 2 зборовите „истражниот судија и“ се бришат.

По алинејата 9 се додава нова алинеја 10, која гласи:

„- последици кои настанале на местото на настанот (смрт, телесни повреди, материјална штета и останато);“.

Член 65

Во член 115 зборовите „истражен судија“ се заменуваат со зборовите „јавен обвинител“.

Член 66

Во член 118 во ставот 3 зборовите „етикети и броеви исти како и лешот“ се заменуваат со зборовите „идентификациони ознаки кои овозможуваат лесно поврзување со конкретен леш“.

Во ставот 5 зборовите „пластични кеси на кои се става видлив број“ се заменуваат со зборовите „соодветна амбалажа на која се става видлив идентификационен број“.

Член 67

Во член 119 став 1 во алинеите 1 и 2 зборовите „истражниот судија“ се заменуваат со зборовите „јавниот обвинител“.

Член 68

Во насловот на главата VI. „ зборовите „ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ“ се заменуваат со зборот „ИЗВЕСТУВАЊЕ“.

Член 69

Во член 122 во ставот 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „за што без одлагање го известува јавниот обвинител.“.

Член 70

Во член 127 во ставот 1 во воведната реченица по зборот „сторител“ се додаваат зборовите „(Образец бр. 31)“.

Член 71

Во член 128 во воведната реченица по зборот „сторител“ се додаваат зборовите „(Образец бр. 32)“.

Член 72

